ЈОНЧЕ ЈОСИФОВСКИ

# ОБРАЗОВАНИЕТО НА РАСПАЌЕ

Ако му дадеш на човека риба, ќе го најадеш за еден ден; ако го научиш да фаќа риба ќе го најадеш за целиот негов живот.

Кинеска поговорка

Многузнанието не учи на мудроста.

Хераклит

*Абстракт:* Соочен со крајно тешката и противречна состојба во која се наоѓа образованието денес, авторот предлага неколку стратешки насоки: образовниот процес да се разбере како богато лично самоусовршување на она хуманото во секој човек; образованието вклучува определена благородна емотивност — тоа не е само објективно усвојување информации. Образованието, конечно, ја опфаќа и онаа перманентна антрополошка позиција во која соочувањето со животните парадокси може да се превладее со систематско инсистирање врз сопственото човечко развивање и усовршување.

Ситуацијата во современото образование и образовните институции е денес мошне необична: повикот против сè поголемото оптоварување на учениците со сè повеќе предмети, часови, факти и воопшто „книшки" знаења сè повеќе прераснува во крик на револт и возмутување на родителите и јавноста. Меѓутоа работите во овој поглед не само што не се поправаат, туку денизден стануваат сè потегосни и пообеспокојувачки. Учените педагози и оние задолжените за решавање судбината на училиштата креваат раменици, изговараат зборови на разбирање и симпатија кон учениците, меѓутоа се чини, се може да се олесни, само не и товарот врз слабите плеќи на учениците и нивните чувствителни психички можности. Зашто дури и тогаш кога формално во плановите и програмите на училиштата навидум би се намалил бројот на предметите и часовите што седмично се држат, товарот на различни начини ќе се натрупува и усилбите прилегаат на оние на ракот кој назадува напредувајќи.

Објавено во сп. „Современост" Скопје, бр. 10/1976.

Ова ќе продолжува сè додека не се сфати дека денес просто на просто не може да се избегне многузнанието, а следствено и императивот што повеќе факти да се знаат, да се памтат, да ни стојат на располагање. Та нели е речено дека во последно време човечките знаења за светот, општеството и самиот човек се дуплираат секоја десетта година. дека многу од она што влегувало во фондот на научните знаења брзо застарева, нови знаења како реки поројници извираат и нè заплискуваат од сите страни а без нив не може да се развива и унапредува производството, да се дига стандардот, да се работи така што да се биде продуктивен, креативен итн.

Мора значи многу да се знае и секоја нова генерација сè повеќе да знае од онаа постарата а и секоја генерација со секој изминат ден да знае повеќе денес од колку вчера, како што утре треба да знае повеќе од денес. Но како конечниот човек да го совлада она што по својата природа е бесконечно, како она што е ограничено да го совлада безграничното? При тоа треба да се има предвид дека ова ограничено е човек кој не е машина за трупање и располагање со знаења, туку суштество кое треба да се одмара, спие, јаде, води љубов, ужива во уметноста, патувањата, средбите и разговорите со своите блиски, да раѓа и одгледува деца, да работи а кај нас и да учествува во самоуправувањето и воопшто во општествено-политичкиот живот во поблиската и подалечната општествена заедница и на разни нивоа. Задача навидум Сизифова! И тоа таа таква и ќе остане со тоа што не само што ќе треба да се поднесува, туку ќе мора да се очекува да биде сè потешка.

Што да се прави? Сите напори да се излезе од тешкотијата ќе бидат залудни, ако не се направи решителен пресврт во приодот кон самиот проблем. Ова значи дека проблемот може да се реши само со тоа што самиот тој ќе се преформулира, т.е. наместо на учениците да им се даваат знаења тие да се оспособуваат пред сè за тоа како на најекономичен, т.е. брз и ефикасен начин, со најмало трошење на физичките и психичките сили и способности да доаѓаат до сè повеќе знаења и тоа такви кои ќе им се потребни во дадениот момент и ситуација во која ќе ги постави животот. Проблемот, значи, се изместува од неговата содржинска во неговата методолошка страна, од прецвакувањето и усвојувањето на огромни количини знаења, кон развивање физичките и умствените способности, совладувањето методологијата на научното познание и доаѓањето до неа, изучување каде, на кој начин и со чија помош да се дојде до извесни знаења користејќи се со модерните средства за научна информација, собирање и обработка на научните факти и тоа не само во книгите, туку и во сите средства што можат денес да се користат: магнетофонски ленти, микрофилмови итн.

За илустрација на мислата што ја искажав ќе се послужам со следново расудување. Познато е дека Евклидовите „Елементи“ се всушност содржани во 23 дефиниции, 5 постулати и 9 аксиоми, а другото сè над 500 теореми кои се всушност изведени од овие дефиниции, постулати и аксиоми и, како верувал Евклид, се достатен ма-

теријал од кои по пат на **логичко заклучување** можат да се изведат теоремите, т.е. целата Евклидова геометрија. Отаде произлегува дека е достатно да се научи овој материјал од неколку десетини искази од областа на геометријата и да се научат правилата на логичкото заклучување кои се сведуваат на две правила, за да се има на располагање сета Евклидова геометрија. При тоа проблемот не е толку во заучувањето на првобитниот материјал, колку во умеењето да се применуваат правилата на логичкото заклучување. Следствено, за да се знае геометрија поважно е да се совлада вистината на логичкото изведување, т.е. вештината на примена на логичките правила, од самото учење на геометријата. Овој факт го знаат интуитивно, без да си дадат точна сметка за него, и обичните луѓе кои сметаат дека математикакта е тешка за усвојување и дека оној кој знае математика има развиена моќ на расудување.

Впрочем, и дискусијата што денес се води дали на децата во основните училишта треба да им се дозволи да носат на училиште дигитрончиња и со нив да се служат укажува на истиот проблем. Оној што се користи со дигитронот за изведување на определени математички операции дури не треба да ги знае овие операции, туку едноставно да ги притиснува копчињата со определени знаци и резултатите му се дадени. Противниците на употребата на дигитроните истакнуваат дека тие оневозможуваат учениците да ја развиваат способноста за расудување. Тоа личи на аргументот на Платоновиот Сократ во „Федар" според кој употребата на книги е штетна зашто пречи на тренирањето и развивањето на меморијата кај луѓето, кои место да памтат определени факти и настани, просто ги забележуваат овие факти и настани во книги кои памтат за нив па достатно е да се отвори книгата и да с епрочитаат тие за да се репродуцираат. Сличен е и аргументот на Ниче против Гутенберговиот пронајдок на печатарската техника на умножувањето на книгите. Луѓето, смета Ниче, од Гутенберг наваму сè помалку читаат зашто книгата е поевтина и не мора да ја препишуваат ако се сака да се има како порано. Со тоа изостанува еден важен фактор на усвојувањето на она што е во книгите а и неговата вредност се намалува. Денес овие аргументи против книгата и против печатната книга посебно е смешно и да се поставаат иако длабоката смисла нивна сè уште не е изгубена. Кој сака да биде на висината на културата и културното творештво мора многу да памти, а уште поважно со тоа да ја развие својата меморија до висока степен (многу да знае и да биде способен многу да знае) и многу книги да конспектира а некои дури и да препише за навистина многу да знае и да биде способен многу да знае. Психичките способности како и оние физичките се развиваат со вежбање и само со вежбање. Затоа борбата против дигитроните во училиште има смисла не да се отстранат тие, туку да се укаже на фактот дека психичките способности на децата мора да се развиваат, зашто оваа навидум парадоксална мисла истакнува дека всушност е неважна ваквата борба, но е можно и мора да се инсистира таа

да се насочи против духовната мрзливост. Слично стои работата и со употребата на книгата и печатната книга посебно.

Меѓутоа, најважно е да се разбере дека со класичните форми за организација на изведувањето на образованието и наставната работа посебно не ќе може многу нешто да се измени институционалната основа на образованието, да се преосмисли улогата и значењето на училиштата од сите степени и форми и да се укаже на улогата на други институции што и сега постојат или што допрва треба да се воведат. Мислам во прв ред на библиотеките но не во старата смисла која се сведуваше на чување и позајмување книги, туку на библиотеките како центри на документација воопшто, со развиени служби за консултации, одделенија за врска со другите библиотечни институции кај нас и во странство, со техника која ќе овозможи копирање и складирање книги и списанија и сл. Всушност, училиштата треба да се претворат во центри за консултации со силни одделенија за документација, фондови за книги и списанија од различни области на познанието, со центри за учење странски јазици, со потребна техника која ќе го електризира процесот на учењето при што старата организација по возрасни одделенија (клас) пригодна и од огромно значење за демократизацијата на наставата во времето на Јан Амос Коменски, денес губи смисла и наставните групи треба да се образуваат според интелектуалната способност и работоспособност на учениците кои по совладувањето на определен материјал, оппделени знаења, вештини и навики треба да се движи напред дури и без оглед на училишната година, да мине од подолна во погорна степен без какви и да биде пречки возрасни или временски.

Добро е да се потсетиме на изворното значење на некои зборови. Така, за еден пример, зборот *гимназија* изворно значел вежбалиште, место каде луѓето во стара Грција ги развивале своите физички способности (при тоа тие се соблекувале, голи, а гол на грчки се вели gymnos). Потоа околу овие спортски установи се одвивала и работа на вежбање во духовните облици на дејноста на човекот, станувале сè повеќе училишта, подобро школи каде младите слободни луѓе го минувале своето слободно време (scholè). Подоцна функцијата на школите се изменува и тие стануваат предимно установи за учење, а помалку или никако вежбалиште на духот и телото. Денес враќањето кон изворната функција на гимназиите, т.е. средните школи како установи за вежбање на духот и телото е императив на времето. Оној што ќе се увежба физички и духовно за здобивање со знаење при што уште во текот на образованието го наголемил фондот на *знаења од прв степен*, т.е. знаења за факти, настани и закони што владеат во нив, но ќе го има проширено и *знаењето од втора степен*, т.е. знаењето како сам да доаѓа до знаења од прва степен, а во овие знаења од втора степен спаѓаат знаења од областа на методологијата, културата на учењето, логиката, знаењата како да се служиме со книгата и со списанијата, како да доаѓаме до информации од овој или оној вид и од оваа или онаа област и сл.

Така образованието треба постепено да се издига и до степента на *самообразование*. Потребата од специјализација ќе се задоволува така што ќе се работи во определено време во специјалистички установи и под раководство на специјалисти кои ќе држат курсеви од она што е последен збор на нивната специјалност и укажување на литература во која може да се најде она што е релевантно за струката. При тоа границите меѓу местата за учење и местата за работа ќе се брише во таа смисла што сè почесто ќе се преоѓа од просториите за работа во просториите за учење кои често ќе бидат во рамките на едни институции: фабрика, комбинат итн. Всушност, ќе се случува тоа производната и истражувачката работа толку тесно да се поврзат што научните институти од определен профил да се развиваат во фабриките, како што е тоа случај веќе и денес.

Во ваквата ситуација педагогијата (на грчки буквално: вештина на водење деца) не ќе се претвора во андрагогија (изворно: вештина на водење на возрасни; ваквата вештина за старите Грци би била немислима; слободниот возрастен човек не може да се води, туку сам себеси се води, научен во младоста како тоа да го прави) како што некои денес мислат (иако е мислима една наука која ќе ги изучува методите и начините како на возрасните треба да им се помогне да продолжат со учењето, но таа треба повеќе по пат на вежби да ги одржува и доразвива нивните психички способности или на тоа слично; во секој случај би требало за неа да се најде друго име), туку во вештина на *самоводење* или просто *самоуправување* во областа на образованието при што сите лица и установи, сите расположиви средства и техника да бидат во служба на оваа функција.

За жал ние одвај да размислуваме за овие проблеми. Ние, пак за жал, немаме ни колку толку добро организирани центри за научна и стручна информација и за собирање на научните знаења на едно место. Училиштата имаат неприкосновано централно место во процесот на образованието па и школскиот систем запаѓа во вид на регрес во бесконечност (regressus ad infinitum) зашто неговите степени се множат, па ако некогаш било достатно за некоја струка завршување средно училиште, денес не е достатен ни I степен на студии, та дури ни II степен, зашто сè пообичен станува III степен, а на ред е и профанизацијата на IV степен (задобивањето со докторат). Не е чудно наскоро, до колку луѓето со докторати доволно ќе се намножат да се изнајде и некој повиш степен на високо образование кој ќе биде вид V степен итн. Оваа невозможна ситуација може да се реши само со укинувањето на каков и да е степен во формална смисла и со наоѓање организациони и други начини секој човек да може да се искачува по скалата на самообразованието колку што ќе може и сака при што ќе се добијат толку степени колку и луѓе. Најодзади, не може човекот да се претвори во вид животно што целиот живот ќе се дообразува. Има и други работи со кои човекот за да биде навистина човек, т.е. сестрано развиено суштество, треба да се занимава; тоа веќе го рековме. Но уште поважно е дека во оваа сфера повеќе од која и да е важи и оној завет на Јован Јова-

новиќ Змај: кај застанав, ти продолжи. Младите поколенија треба да го продолжат делото на развивањето на човечкиот род во заедница на физички моќни и духовно генијални членови кои ќе можат да знаат и ќе знаат да можат да бидат на висината на науката на своето време како и на техничката примена во животот.

Ако многознанието не учи на мудрост, како велеше со право пред толку векови ефескиот филозоф Хераклит, сигурно е и тоа дека мудроста помага да се совлада многузнанието, тоа да се сфати и стави под контрола. А мудроста да се владее значи да се развиваат луѓето како тотални личности, со разнообразни способности, со општа култура меѓу која знаењето како и што да се знае и од каде тоа да се црпе има не малку значење. Знаењето да се лови риба е многу позначајно од фатената риба што на некој начин ќе ја добиеме од оној што ја фатил. Тоа нѐ осамостојува, нѐ прави независни од другите, овозможува својата судбина да ја земеме во свои раце. Тоа значи и дека сме добиле нешто повеќе од фатена за цел живот риба, зашто не се живее само од неа. Треба да се развиваат и други вештини, а тоа најдобро може да стане, ако се сфати нивниот принцип, *логосот* што е скриен во нивната основа.

Да се развива *способноста да се здобијаме со знаење* значи да се развива љубов кон знаење, восхит и занес по него, да се стане онака безгранично среќен кога ќе успееме самостојно да дојдеме до него како што бил кон себеси од врвна радост и воодушевување Архимед кога бањајќи се го открил законот познат во физиката како Архимедов закон. Во тој миг, вели легендата, Архимед бил толку фасциниран од својот пронајдок што заборавил дека е гол во бањата и без да се облече излетал од неа на улица и викал „Пронајдов!" („Еурека!" има станато збор од нашето секојдневие). И кога добриот познавач на класичната грчка култура Лосев вели за питагорејците дека тие кон броевите и бројните односи имале не само интелектуален однос туку кон нив испитувале естетско та дури религиозно чувство, тој, всушност, го објаснува преданието кое вели дека Питагора пронајдувајќи ги ирационалните броеви заклал 100 вола во чест на богатите не толку туку повеќе во чест на генијот на човекот со крајниот свој ум да го сфати и совлада и-рационалното, бесконечното да го направи конечно.

Примери за ова има безброј, но да посочиме само уште на неколку. Природните броеви ги има безброј, но ние можеме овој бесконечен израз да го изразиме со конечен број знаци за обележување броеви или цифри, имено со десет: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 0. Интегрирањето значи добивање конечни резултат во случај кога имаме бесконнечо многу бесконечно мали величини итн.

Одењето по логосот на нештата е секако потешка работа од колку усвојувањето на фактите. Тој не само што е скриен и бара труд и способност да се открива, туку го бара целосниот човек и ангажирање на него целиот со сите свои способности, бара култура и тренинг, вежба, напрегање на телото и душевноста, сите негови страс-

ти и чувства, занеси и воодушевувања, радости и маки. Со тоа значи и напор да се оди чекор напред кон реализацијата на класичниот и Марксовиот идеал за сестрано развиената личност која единствено може да ја совлада парадоксалната ситуација во која човекот денес е фрлен, меѓу другото, и во образованието.

*JONČE JOSIFOVSKI*

## EDUCATION ON CROSSROADS

### SUMMARY

In discussion of extremely difficult and controversial situation of modern educational process, the author insists on following points: Educational process should be rised to the level of selfeducation, and should become permanent; to gain real knowledge means, according to develop a specific emotional attitud — as for instance, love, enthusiams and not only acquire facts and informations. Strictly and philosophically speaking, to educate oneself means to start with a systematic and permanent selfbuilding, means to make oneself completely developed person — according to Marx's notion.